РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-57/8 Скопје,Shkup,Skopje 15.02.2024 година/viti/year

Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија број 09-1168/1 од 14.02.2024 година и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија број 09-1169/1 од 14.02.2024 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

## ОДЛУКА
## за мирување на постапката по Јавен оглас број 31/2024 за вработување на еден (1) административен службеник

1. Започнатата постапка за вработување на еден (1) административен службеник во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за работно место Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација по објавен Јавен оглас број 31/2024, **се става во мирување.**

2. Оваа Одллука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 05.01.2024 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објавен е Јавен оглас број 31/2024 за вработување на 1 државен службеник од Група I, подгрупа I во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за работно место Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација. По добиениот Предлог за вработување на кандидати од Агенцијата за администрација, донесена е Одлука за избор со број 04-57/7 од 07.02.2024 година која што на ден 07.02.2024 година беше објавена на веб страната на Агенцијата за администрација.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

Согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик: „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Влада на Република Македонија согласно со резултатите од изборите како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, **а започнатите постапки да се стават во мирување**, освен во случаи на итни и неодложни работи."

Имајќи го предвид донесеното Решение за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија број 09-1168/1 од 14.02.2024 година и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија број 09-1169/1 од 14.02.2024 година се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа одлука во рок од осум дена од денот на објавувањето може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Директор,

Пламенка Бојчева

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk